Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5 од Законот за електронсски комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/18, 153/19 и 92/21) и член 95 од Закон за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија 124/2015 и 65/2018), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 27.12.2021 година донесе :

**ОДЛУКА**

**Член 1**

**СЕ ПРЕКИНУВА** постапката започната врз основа на Одлука за распишување на Јавен тендер со јавно наддавање за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 МХЗ и 3.Х ГХз донесена од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации број 0201-1705/23 од 23.11.2021 година, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 260 од 24.11.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Член 3**

Одлуката се објавува во Службен весник на РСМ.

**Член 4**

Да се известат сите заинтересирани страни.

**Образложение**

На ден 23.11.2021 година Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука за распишување на јавен тендер со јавно наддавање за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz објавена во Службен весник на РСМ број 260 од 24.11.2021 година , врз основа на претходно донесена Одлука за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за користење на радиофреквенции за радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz, број 0805-1705/20 од 9.11.2021 година, донесена од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија број 256/2021) и Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции за радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz, број 40-7556/3 од 9.11.2021 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 254/2021) што е во согласност

со член 140 а во врска со член 33 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/18, 153/19 и 92/21).

На ден 17.12.2021 година, Комисијата за заштита на конкуренција, со допис УП број 0804-222 ја извести Агенцијата за електронски комуникации дека е поведена постапка за оценување на дозволеноста на доделувањето на државната помош од страна на Агенцијата за електронски комуникации на основа на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за користење на радиофреквенции за радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz, и Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции за радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz.
Поради тоа, што Одлуката на Комисијата за заштита на конкуренцијата битно ќе влијае врз постапката за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz и 3.x GHz по пат на јавен тендер со јавно наддавање, со цел правилно и законско спроведување на постапката, директорот на Агенцијата за електронски комуникации одлучи да се прекине постапката се до донесување на конечен акт од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Врз основа на горенаведеното а согласно член 24 став 1 алинеја 5 од Законот за електронсски комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/18, 153/19 и 92/21) и член 95 од Закон за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија 124/2015 и 65/2018), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации одлучи како во диспозитивот.

Наш број 0201-1705/35
Скопје 27.12.2021

ДИРЕКТОР
Jeton Akiku